**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-947/2**
**22.04.2025**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната 46 Седница на Советот на Општина Делчево**

Седницата се одржа на 22.04.2025 г. (петок) во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ со почеток во 9,00 ч.
На Седницата присуствуваа 15 членови на Советот.
Отсутни нема.
Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 46 Седница на Советот на Општина Делчево го предложи следниот

**Дневен ред**
**-Усвојување на Записникот од 45. Седница**
**-Усвојување на Записникот од Вонредната седница одржана на ден 19.03.2025 г.**
**-Усвојување на Записникот од Вонредната седница одржана на 28.03.2025 г.**

1. **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат – објект станбена куќа згр.1 по барање на Нада Мицевска;**
2. **Предлог-одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација згр бр 2- објект со намена А5-4-помошен објект по барање на Ванчо Костадинов;**
3. **Предлог-одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација згр. бр 1- објект со намена А1-станбена куќа по барање на Миле Стоименовски ;**
4. **Предлог-одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација згр. бр 2- објект со намена Б5-1, црква по барање на МПЦ;**

   Образлагач по точките 1,2,3 и 4 е Андријана Соколовска, помлад соработник за уредување градежно земјиште.
5. **Предлог-заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Источно плански регион за 2024 г.**
6. **Предлог-заклучок за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно планскиот регион 2021-2026 за 2024 година**

   Образлагач по точките 5 и 6 е Емил Василев, претставник од Центарот за развој на ИПР.
7. **Разгледување Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење инспекциски надзор во областа на комуналната дејност со Предлог-одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Берово.**
8. **Разгледување Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење инспекциски надзор во областа на туризмот и угостителството со Предлог-одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Берово.**
9. **Разгледување Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење инспекциски надзор во областа домување со Предлог- одлука за утврдување на**

**Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Штип.**

Образлагач по точките 7, 8 и 9 е Ивана Ивановска, раководител на Одделение за правни и општи работи

10. **Предлог- заклучок за усвојување на Извештајот за работа на ОСБСП Делчево за 2024 г.**
11. **Предлог- заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ОСБСП Делчево за 2025 г.**

Образлагач по точките 10 и 11 Николина Петровска-Мавродиева, виш соработник за сообраќај и патишта.

12. **Предлог –одлука за усвојување на Интегралниот локален план за развој на Општина Делчево**

Образлагач Тони Стоименовски, советник за планирање на локалниот економски развој.

13. **Предлог-одлука за доделување еднократна парична награда на талентирани ученици од СОУ „М.М.Брицо“.**

Образлагач Ванчо Новоселски, советник за образование

14. **Предлог-програма за поставување урбана опрема на територијата на град Делчево**

Образлагач Горан Петровски, сооветник за урбанизам и енергетска ефикасност

15. **Предлог-програма за ревитализација по елиминирањето на кризата за Општина Делчево**

Образлагач Кире Цоневски, соработник за превенција, справување со кризна состојба, заштита и спасување.

16. **Предлог-решение за именување претставник на Локалната самоуправа Делчево во Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево**;
17. **Предлог-решение за именување претставник на Локалната самоуправа Делчево во Училишниот одбор на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево**
18. **Предлог-решение за разрешување и именување член на УО на ЈУДГ„Весели цветови“ Делчево по предлог на Министерството за социјална политика, демографија и млади.**
19. **Предлог-одлука за финансиска поддршка бр 21-772/1 од 25.03.2025**

Образлагач по точките 16 17, 18, и 19 е Гоце Попов, претседател на Советот на Општина Делчево;

20. **Предлог-одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“ Делчево за 2025 г.**

Образлагач Стојче Стојковски, директор на ЈКП „Брегалница“

21. **Предлог-заклучок за усвојување на Деветмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“ за периодот од 01.01.2024 до 30.09.2024 г.**
22. **Предлог-заклучок за усвојување на Годишната сметка на ЈКП „Брегалница“ Делчево за 2024 г.**

Образлагач по точките 16 и 17 е Марија Сумрачка-одговорна за сметководство и финансов книговодител.

23. **Предлог-одлука за констатирање природна непогода-голомразица на територијата на Општина Делчево**

Образлагач е Иван Гоцевски, координатор на советничка група на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата за обнова на Македонија

24. **Разгледување Физибилити студијата за оправданост од воспоставување Договор за ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Делчево изработена од Здружението за одржлив развој АНДРА-Грин, с. Видовиште, Општина Зрновци.**

Образлагач претставник од Здружението за одржлив развој АНДРА-Грин,

с. Видовиште, Општина Зрновци.

25. **Прашања и предлози на членови на Советот на Општина Делчево**

Претседателот отвори расправа за утврдување на Дневниот ред. Откако никој не се јави за збор го стави Дневниот ред на гласање. Дневниот ред беше усвоен **едногласно.**

Потоа се отвори расправа по Записникот од 45. Седница. Откако никој не се јави за расправа, Записникот беше даден на усвојување. **За него гласаа сите 15 советници**. Исто така и за записниците од двете вонредни седници, Вонредната седница одржана на ден 19.03.2025 г. и Вонредната седница одржана на 28.03.2025 г. **беа усвоени без забелешки**.

Седницата продолжи по Дневниот ред.

1. **Точка број еден- Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект станбена куќа згр.1 по барање на Нада Мицевска;**

По точката број 1 образлагач беше Андријана Соколовска помлад соработник за уредување градежно земјиште. Таа истакна дека Одлуката се однесува за утврдување на потребата од донесување Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект станбена куќа згр. бр. 1 –по барање на Нада Мицевска, а во врска со поднесеното барање за утврдување правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**456** од **31.12.2018** година, од страна на **Нада Мицевска – ул. „Евлија Челеблија" бр.30, Кочани** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр.1964 КО Очипала** запишана во имотен лист бр. **214 и КП бр.1965 КО Очипала** запишана во имотен лист бр. **228** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

По образложението, претседателот Попов отвори расправа. Откако никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање. Точката, О**длука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект станбена куќа згр.1 по барање на Нада Мицевска беше усвоена ЕДНОГЛАСНО, со 15 гласа ЗА.**

2. Точка број два - **Предлог-одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација згр бр 2- објект со намена А5-4- помошен објект по барање на Ванчо Костадинов;**

Образложение по точката даде Андријана Соколовска. Таа истакна дека во врска со поднесеното Барање за утврдувањето правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**489** од **30.03.2016 г** година, од страна на **Ванчо Костадинов со адреса на ул.„Вера Јоциќ" бр. 5**, а кое се однесува на бесправно изграден објект - **намена А5-4 – помошен објект**, означен во елаборат како **зграда бр.2** изграден на КП бр. **6732 КО Делчево** запишана во имотен лист бр**. 10834** кој бесправен објект е во опфат на Детален урбанистички план за Делчево, а во зона со намена која е различна од предвидената намена во урбанистичката документација, Трговско услужна дејност, Советот на Општина Делчево констатира дека за истиот може да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко планска документација. Парцелата е приватна сопственост.

Претседателот Попов отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање. Точката **Предлог-одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка**

**планска документација згр бр 2- објект со намена А5-4- помошен објект по барање на Ванчо Костадинов** беше усвоена со **13 гласа ЗА** и 2 **ВОЗДРЖАНИ.**

3. Точка број три- **Предлог-одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација згр. бр 1- објект со намена А1-станбена куќа по барање на Миле Стоименовски ;**

Образложение и по оваа точка даде Андријана Соколовска. Таа во образложението истакна дека има поднесено барање за утврдување правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**1121** од **25.08.2011 г** година, од страна на **Миле Стоименовски со адреса на ул.„Индустриска" бр. Бб.** , а кое се однесува на бесправно изграден објект - **намена А1 – станбена куќа**, означен во елаборат како **зграда бр.1** изграден на КП бр.**6043/7 КО Делчево** запишана во имотен лист бр**. 10868** кој бесправен објект е во опфат на Генерален урбанистички план за Делчево, а во зона со намена која е различна од предвидената намена во урбанистичката документација, Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ, Советот на Општина Делчево констатира дека за истиот може да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко планска документација. Парцелата е приватна сопственост.

По образложението, Попов отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. Точката- **Предлог-одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација згр. бр 1- објект со намена А1-станбена куќа по барање на Миле Стоименовски** беше **усвоена со 13 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ.**

4. Точка број четири- **Предлог-одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација згр. бр 2- објект со намена Б5-1, црква по барање на МПЦ;**

Образложение и по оваа точка даде Андријана Соколовска. Таа истакна дека во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**518** од **30.03.2016 г** година, од страна на **МПЦ**, а кое се однесува на бесправно изграден објект - намена В5-1 црква, означен во елаборат како **зграда бр.2** изграден на КП бр.**7052/1 КО Делчево** запишана во имотен лист бр**. 11348** кој бесправен објект е во опфат на Детален урбанистички план Милково Брдо 2 за Делчево, а во зона со намена која е различна од предвидената намена во урбанистичката документација, со намена образование В1, Советот на Општина Делчево констатира дека за истиот може да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко планска документација.

Попов отвори расправа и бидејќи никој не побара збор, беше затворена расправата и точката беше ставена на гласање. Точката - **Предлог-одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација згр. бр 2- објект со намена Б5-1, црква по барање на МПЦ, беше усвоена со 14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.**

5. **Точка број пет- Предлог-заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Источно плански регион за 2024 г.**

Образлагач по точката беше Емил Василев, претставник од Центарот за развој на ИПР. Тој истакна дека согласно со Законот за регионален развој, се доставуваат на усвојување 2 извештаи: Извештај за работењето на Центарот за развој и Извештајот за реализација на Програмата и двата извештаи ги содржат истите податоци. Во Извештајот се опфатени проектите финансирани од националниот буџет преку програмите за рамномерен регионален

развој на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, проекти финансирани од национален буџет преку програмата на линиските министерства, АФПЗРР, Швајцарската аегнција за развој и соработка, ГИЗ-РЕД, Програмата за регионален економски развој, УНДП и останати донатори. Програмата е поделена во 5 долгорочни цели кои се понатаму поделени во приоритети и мерки. Во Извештајот се детално анализирани сите мерки и активности.

По образложението, претседателот Попов отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање.

Точката- **Предлог-заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Источно плански регион за 2024 г. Беше усвоена ЕДНОГЛАСНО.**

6. **Точка број шест- Предлог-заклучок за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно планскиот регион 2021-2026 за 2024 година**

По образложение на Емил Василев, беше отворена расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање. Точката-**Предлог-заклучок за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно планскиот регион 2021-2026 за 2024 година, беше ЕДНОГЛАСНО усвоена.**

7. Точка број седум- **Разгледување Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење инспекциски надзор во областа на комуналната дејност со Предлог-одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Берово.**

Образложение по точката даде Ивана Ивановска, раководител на Одделение за правни и општи работи. Таа истакна дека согласно со одредбите од Законот за комунални дејности општините, општините во градот Скопје и градот Скопје обезбедуваат услови за организирано и трајно вршење на комуналните дејности и нивен развој вклучувајќи ја контролата над правните и физичките лица кои вршат соодветни комунални дејности. Дополнитело, Советот на Општина има донесено Одлука за комунален ред во која е предвидено уредувањето на населените места, начинот и обемот на користење на комуналните услуги, уредувањето, одржувањето, чистењето и користење на парковите, зелените и рекреативни површини и парк, одржувањето и користењето на јавните површини во населените места, собирањето, транспортирањето и постапувањето со собраниот комунален отпад, отстранувањето противправно поставени и оставени предмети, одржувањето на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори пред јавни објекти и чистење на снегот, начинот за одржување чистота во дворни места, места на колективни и индивидуални станбени објекти во населени места, начинот на одржување и чистење одводни отворени канали како и мерки за спроведување на Одлуката. Исто така, во надлежност на Општината се и наплатата на комуналните такси утврдени со Законот за комунални такси. За остварување на овие надлежностите на Општина Делчево во однос на одредбите од овие закони, неопходен е инсекцискиот надзор на општинските комунални инспектори, бидејќи само со инспекциски надзор можеме да постигнеме одредено ниво на почитување на одредбите од Законот за комунални дејности, Законот за комунални такси и Одлуката за комунален ред на Советот на Општина Делчево. Во Општина Делчево моментално еден од вработените е кандидат на обука за добивање лиценца за комунален инспектор и се очекува до крајот на тековната година, тој да ја помине обуката и по добивањето на лиценцата за комунален инспектор да започне со надозор над примената на горенаведените прописи, но до тогаш, потребен е надзор на примената на горенаведените законски прописи. Меѓуопштинската соработка ќе се

реализира преку склучување Договори за вршење определени работи кои се однесуваат на инспекцискиот надзор во областа на кумуналните дејности од страна на Општина Берово за Општина Делчево . Општина Делчево ќе има обврска да одвојува средства од Буџетот на Општината и да исплаќа на Општина Берово за ангажирањето на комуналниот инспектор, а согласно со бројот на часовите за ангажирањето ќе биде вршено плаќање, кое дополнително ќе биде рагулирано со Договорот за воспоставување меѓуопштинска соработка. Поради погоренаведеното, а согласно со член 5 став 1 и став 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ“ бр. 79/2009), се поднесува овој Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење определени работи во надлежноста на Општината, а кои се однесуваат на инспекцискиот надзор во областа на комуналните дејности и по направената процена, предлагам Советот на Општина Делчево да го прифати предлогот на Градоначалникот на Општина Делечево и да донесе Одлука за утврдува предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка.

Претседателот Попов отвори расправа по точката.

За збор се јави советникот Кире Тренчевски кој запраша колку ќе ја чини Општина Делчево оваа меѓуопштинска соработка и периодот на ангажирање?

Ивана одговори дека во октомври треба да заврши со обука административниот службеник кој ќе биде овластен комунален инспектор, а ангажманот на инспекторот од Берово ќе зависи од ангажираните часови и потребата на Општина Делчево за инспекција во областа на комуналните дејности. Досега во просек меѓуопштинските соработки покажуваат исплатливост.

Советничката Оливера Ташевска дали ќе се поднесува извештај за сработеното од инспекторот.

Ивана одговори дека до Советот не се доставува извештај, но може да се побара извештај доколку Советот има интерес.

По завршување на расправата, претседателот Попов ја стави точката на гласање.

Точката- **Предлог-одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Берово, беше усвоена со 14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.**

8. **Точка број осум- Разгледување Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење инспекциски надзор во областа на туризмот и угостителството со Предлог-одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Берово.**

Образложение и по оваа точка даде Ивана Ивановска. Таа истакна дека согласно со одредбите од Законот за угостителска дејност, општините имаат надлежност во однос на физичките лица кои согласно со одредбите на овој Закон вршат угостителска дејност на територијата на општината и се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општината.Согласно со одредбите од Законот за такса за привремен престој пропишано е дека 80% од наплатената такса за привремен престој што трговските друштва, трговец-поединец регистрирани за вршење на туристичка и угостителска дејност, како и лицата кои даваат услуги за сместување туристи и патници, се наплатува истовремено со наплатувањето на извршената услуга за ноќевањена подрачјето на единицата на локалната самоуправа, а согласно со член 10 од истиот Закон. Надзорот над наплатата на оваа такса на сметката во единиците на локалната самоуправа и градот Скопје ги вршат органите на единиците на локалната самоуправава прекуовластениот инспектор на општината. Општина Делчево нема вработено општински

инспектор за туристичка и угостителска дејност, а потребата од инспекциски надзор во однос на физичките лица кои вршат угостителска дејност на територијата на Општината се зголемува, дополнително контрола при наплатата на таксата за привремен престој е неопходна. Поради тоа сметаме дека ангажирање инспектор за туристичка и угостителска дејност од друга општина ќе ги покрие надлежностите од горе наведените закони и ќе дејствува  независно и непристрано во нашата Општина. Спроведување стручно-оперативни и административни работи согласно со надлежност утврдени во  Законот за угостителска дејност и Законот за такса за привремен престој кои се во  во функција на подготовка на податоците за спроведените инспекциски надзори во областа на туризмот и угостителството, како и вршење  непосреден инспекциски надзор над примената на законите и други прописи од страна на сите субјекти кои вршат дејност од областа на туризмот и угостителството. Меѓуопштинската соработка ќе се реализира преку склучување Договори за  вршење  определени работи кои се однесуваат на инспекцискиот надзор во областа на туризмот и угостителството од страна на Општина Берово за Општина Делчево. Општина Делчево ќе има обврска да одвојува средства од Буџетот на Општината и да исплаќа на Општина Берово за ангажирањето инспектор за туристичка и угостителска дејност, а  согласно со бројот на  часовите за ангажирањето ќе биде вршено плаќање кое дополнително ќе биде рагулирано со Договорот за воспоставување меѓуопштинска соработка. Со оглед на фактот дека систематизирање  ново работно место и негово пополнување ќе предизвика поголеми финсниски инпликации на Општината, согласно со потребите на Општината сметаме дека со обликот за меѓуопштинска соработка поекономично ќе ги решиме проблемите на граѓаните на Општината, во областа на туризмот и угостителството.

По образложението, Попов отвори расправа.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша кој ја вршел оваа дејност досега?

Ивана одговори дека до сега О. Делчево немала инспектор, надлежностите во однос на Регистерот ги вршело Одделението за ЛЕР, има Регистер на физички лица, но за да се прошири, бидејќи се регистрираат само тие што имаат пријави, а функционираат објекти кои не се регистрирани кај нас. Затоа е потребно ангажирање на ваков инспектор. Во однос на Законот за угостителска дејност и таксата за привремен престој, 80% од средствата одат на Општината, а 20% во државата. Се обидовме оваа такса да ја обезбедиме преку Државниот пазарен инспекторат, поднесовме Пријава до Инспекторатот, бидејќи истата надлежност ја има и овој Инспекторат. Така успеавме да ги наплатиме таксите до сега, но имаме побврска да имаме инспектор, бидејќи, сепак, се слеваат средства во Буџетот на Општината и по оваа основа.

Сашко Ивановски констатираше дека сега ако сака некој и формално-правно да ги покрене овие работи, дали ќе може инспекорот од друга општина да доаѓа, а секаде има потреба од ваков инспектор, смета дека се овие работи задоцнети, бидејќи Законот предвидува и во 2013 г и во 2019/ 21 година тоа да биде регулирано онака како што треба, ние сега правиме нешто формално-правно и сметаме дека ова нема да функционира само ќе има трошоци за Општината.

Ивана одговори дека резултатот од соработката ќе се види од извештаите кои ќе ги доставува инспекторот од Берово.

За збор се јави и советникот Иван Гоцевски кој рече дека О. Делчево нема овластен инспектор за туристичко-угостителска дејност и има забелешка од поголем број угостители од Делчево кои имаат добиено решенија од О. Делчево дека треба да платат такса за сместување

туристи кои биле во Делчево и тоа за неколку години station наназад. Не ми е јасно на кој начин О. Делчево ги задолжува тие угостители, од каде ќе знае колку луѓе спиеле. Зошто е пресметан и и престојот на Словенците кои беа тука да ги гаснат пожарите во Делчевско. Од каде знаат колку луѓе спиеле. Ние немаме инспектор кој е овластен за оваа дејност. На кој начин сега тие субјекти ќе се задолжат да плаќаат, треба по процедура и преку контрола. Не ми е јасно како е пресметана таа глоба што е доста сериозна сума на пари, дури и за наназад неколку години.

Ивана одговори дека Регистерот што го води Општината е за вили од физички лица, а другиот регистер е во областа на Државниот пазарен инспекторат. Во однос на претходно кажаното, Општината не ги задолжила да плаќаат, Општината поднесе Пријава, Државниот пазарен инспекторат постапи, бидејќи ние немавме овластен инспектор. Тој вршеше надзор и тој утврди дека не е наплатено, а податоците се извадени од страна на МВР.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот Попов ја заврши расправата и точката ја стави на гласање.

Точката - **Предлог-одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Берово беше усвоена со 14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.**

9. **Точка број девет- Разгледување Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење инспекциски надзор во областа домување со Предлог- одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Штип.**

И по оваа точка образложение даде Ивана Ивановска. Таа истакна дека одредбите од Законот за домување ги уредува видовите објекти за домување, управувањето со станбените згради, односите меѓу сопствениците на посебните делови и трети лица, заедницата на сопствениците, евиденцијата на становите, закупничките односи во домувањето, начинот на управување и одржување на објектите, правата и обврските на Републиката, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во домувањето. За остварување на една од надлежностите на Општина Делчево во однос на одредбите од овој Закон неопходен е инсекцискиот надзор на општинскитете инспектори за домување, бидејќи само со инспекциски надзор можеме да постигнеме одредено ниво на почитување на одредбите од Законот за домување во Општината. До денес Општина Делчево нема вработено општински инспектор за домување, а проблемите во изминатиот период биле решавани преку други инспекциски служби, но согласно со сегашните законски прописи, инспекцискиот надзор во областа на домување можат да вршат само лица кои имаат лиценца за инспектор за домување, дополнително сметаме дека инспектор од дуга општина при вршењето на надлежностите од Законот за домување ќе дејствува независно и непристрано во нашата Општина. Инспекторот за домување врши надзор над станбени, станбено-деловни и деловно-станбените згради дали управувањето се врши со одредбите од овој Закон и прописите донесени врз основа на овој Закон, дали се почитуваат пропишаните норми и стандардите за домување, дали управителот продолжува да ги исполнува условите врз основа на кои му е издадена лиценцата и дали се уредени закупничките односи согласно со овој Закон. Меѓуопштинската соработка ќе се реализира преку склучување Договори за вршење на определени работи кои се однесуваат на инспекцискиот надзор во областа на домувањето од страна на Општина Штип за Општина Делчево. Општина Делчево ќе има обврска да одвојува средства од Буџетот на Општината и да исплаќа на Општина Штип за ангажирањето инспектор за домување, а согласно со бројот на часовите за ангажирањето ќе биде вршено плаќање, кое дополнително ќе биде рагулирано со Договорот за воспоставување меѓуопштинска соработка. Со оглед на фактот дека систематизирање ново работно место и неговото пополнување ќе предизвика поголеми финснички инпликации на Општината, согласно со потребите на

Општината сметаме дека со обликот за меѓуопштинска соработка поекономично ќе ги решиме проблемите на граѓаните на Општината, во областа на домувањето.

По образложението, претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Оливера Ташевска која праша дали досега имало вакви предлози и зошто претходните годинини биле поднесени вакви предлози и колку време ќе бидат ангажирани овие инспектори.

Ивана одговори дека прв пат Општината ангажира инспектор за домување. По систематизацијата за работно место имало систематизирано место за инспектор за домување и комунален, но имаше измена во законите во кои беше изричито кажано дека не може еден инспектор да ги покрива двете дејности и мораше овие места да се разделат. Поголема потреба имаше Општината од комунален инспектор и затоа тоа работно место остана во систематизацијата. Времето ќе покаже колку ќе имаме потреба, дали може меѓуопштинска соработка на подолг рок или ќе има потреба да се систематизира вакво работно место.

Сашко Ивановски праша, дали пред да се достави Одлуката на Советот, Општината има извршено, или проценето колку објекти за домување има во Делчево и кој е бенефитот на Општината од договорот со вакво лице. Ако веќе има потреба, зошто не се лиценцира лице од Општината да ја врши оваа работа? Повторно се тоа трошоци на Општината, три договори, три издадоци.

Ивана одговори дека друго лице не може да ја врши работата на овластениот инспектор за домување. Треба да биде лице што има лиценца, само овластен инспектор може да врши контрола, изготвува и регистер на објекти и се ангажира лицето по потреба. Овде влегуваат и станбените згради и индивидуалните домувања и деловните објекти.

За збор се јави Иван Гоцевски кој праша дали има сознанија дали постои член во договорот каде е јасно дефиниран начинот на раскинување на договорот. Дали О. Делчево овој договор да не биде раскинат додека самата општина не систематизира работно место- овластен инспектор за домување. Ова го велам од две причини. Првата, во блиското минато, О. Делчево склучи Договор со О. М. Каменица за областа овластен градежен инспектор, а договорот беше раскинат само по 1 месец. Штом О. Делчево ангажира лица од О. Штип иовој инспектор може да е еден или да се двајца во Истокот и ние треба да го задолжиме истиот инспекторот, да му плаќаме патни трошоци и тој во еден ден треба да решава материја, како што беше случајот со Делчевчанка и е многу тешко и ќе му биде многу голем терет, а од друга страна, дали ќе добие квалитетна услуга О. Делчево.

Кире Тренчевски се јави збор и кажа дека ги слуша цело време колегите од ВМРО ДПМНЕ, како ја доведуваат во прашање меѓуопштинската соработка- тоа беше став на Владата. Беше укажано на општините-тие општини кои немаат соодветен инспектор треба да воспостават меѓуопштинска соработка. Значи став е на Владата секоја општина да се покрие со соодветен инспектор.

Сашко Ивановски ќе се надоврзам на дискусијата на колегата Кирчо-ние не реагираме зошто ќе се направи таа соработка, ние реагираме како ќе се направи. Зошто не се направи повик на кој ќе се пријават неколку лиценцирани, па ќе се види цената на слободен пазар. Сега, вака, договори со Берово со Штип, кој знае што стои зад тој договор. Ние договорот го немаме пред нас, ја немаме сумата пред нас. Значи на некој начин, даваме легитимитет, а од друга страна ја закочуваме транспарентнсота на постапката.

Ивана рече дека постапката е пропишана по Закон за меѓуопштинска соработка и не е постапка што може да оди на јавен повик. Оваа постапка има строго определени принципи. Градоначалникот поднесува предлог до Советот, советот го утврдува предлогот, го праќа на општината со која треба да се склучи соработката. Како ја бираме општината? Најблизок инспектор за домување имаме во Штип, најблизок инспектор за комунални дејност имаме во Берово. Значи, гледаме да ги скратиме трошоците. Советите на нивните општини го разгледуваат предлогот и утврдуваат дали нивниот инспектор може да се справи, можеби нема да изгласаат. Ние на Совет мора да донесеме уште една одлука за воспоставување

меѓуопштинска соработка, а денес носиме одлука за утврдување на предлогот. Откако ќе помине и втората одлука, тогаш се склучува Договорот- откако ќе заврши целата постапка. Па, се објавува во Службен весник, каде се дефинираат условите.
Кире Тренчевски се јави процедурално и рече дека прашањето на советникот Сашко било доставено до него, а образлагачот не треба да се уфрла во дискусијата.
Гоце Попов ја прифати процедуралната забелешка.
По ова, расправата беше завршена, па точката беше ставена на гласање.
**Предлог- одлуката за утврдување на Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Штип беше усвоена со 14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.**

10. Точка број десет- **Предлог- заклучок за усвојување на Извештајот за работа на ОСБСП Делчево за 2024 г.**

Образложение по точката даде Николина Петровска-Мавродиева, виш соработник за сообраќај и патишта. Таа рече дека Годишниот извештај за реализирани активности од Годишната програма за 2024 г. ги покажува позначајните активности кои ОСБСП ги реализирал во текот на 2024 г. Во Образложението се задржа на позначајните активности и реализацијата на превентивни кампањи и компаративната анализа 2023-2024, каде е поместена анализата на сообраќајните незгоди, индикаторите за безбедност и сл.
По образложението, претседателот Попов отвори расправа.
За збор се јави Оливера Ташевска која праша колку пати во текот на годината општината прави проверка на патната инфраструктура и на сигнализацијата.
Николина одговори дека за такви проверки, Општината треба да има лиценциран инспектор за патен сообраќај по Законот за јавни патишта, бидејќи Општината нема таков инспектор, не се вршат проверки на патиштата. Сега се реагира по поднесени барања или преку редарската служба.
По завршување на расправата, точката беше ставена на гласање.
**Предлог- заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на ОСБСП Делчево за 2024 г. Беше усвоен со 15 гласа ЗА.**

11. Точка број единаесет- **Предлог- заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ОСБСП Делчево за 2025 г.**

И по оваа точка образложение даде Николина Петровска-Мавродиева која ја образложи Годишната програма за 2025 година на ОСБСП и ги потенцираше позначајните мерки и активности предвидени за реализација во Програмата и целите кои се сака да се постигнат, законските обврски, направена е анализа на податоците од кампањите и истражувањата. Финансиски трошоци за општината нема.
По образложението, претседателот Попов отвори расправа.
За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека сме сведоци дека неколку општини го спроведуваат проектот „Безбеден град“ и поставуваат камери за поголема безбедност и освен што ќе вршат контрола за безбедноста имаат контрола и за сочувувањето на урбаната опрема, евентуално кражби, дали Општината работи за реализација на овој проект.
Николина рече дека овој предлог е добар предлог. Некои општини го применуваат, но значи еден комплексен начин на работа, односно во рамките на Општината се формираат центри за управување и контрола на сообраќајот, а самите центри се поделени во посебни одделенија. Тоа за да може и да се формира, треба и општината да има основа во систематизацијата, треба простор, опрема, монитири, системи за следење, значи треба да има поголем обем на финансиски средства кои ќе се користат за таа намена.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.
**Предлог- заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на ОСБСП Делчево за 2025 г беше усвоена со 15 гласа ЗА.**

12. **Точка број дванаесет- Предлог –одлука за усвојување на Интегралниот локален план за развој на Општина Делчево**

Образлагач по точката беше Тони Стоименовски, советник за планирање на локалниот економски развој. Тој истакна дека оваа Одлука се однесува на усвојување на Интегрираниот локален развоен план кој е подготвен од Општина Делчево во рамки на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплментација на проекти“ што го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој. Овој проект е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Целта на овој проект е да се изработи еден документ во кој ќе бидат сублимирани сите информации кои ги има Општината. Во изработката на документот се вклучија сите одделенија од Општината и сите колеги. Посебен дел кој сакам да го издвојам е теркот кој е ставен во овој документ и препорачан од страна на експертите на ООН за изработка на годишните програми на сите одделенија, но има и дел каде што има статистички информации. Тоа е 4-годишен документ по кој О. Делчево ќе се раководи и ќе ги користи информациите. Документот се однесува за период 2025-2028 г. и ќе се надоградува во иднина. Целта финансиска конструкција е обезбедена од Шведска.

По образлагањето, претседателот Попов отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

**Предлог –одлуката за усвојување на Интегралниот локален план за развој на Општина Делчево беше усвоена со 15 гласови ЗА.**

13. Точка број тринаесет- **Предлог-одлука за доделување еднократна парична награда на талентирани ученици од СОУ „М.М.Брицо“.**

Образлагач по точката беше Ванчо Новоселски, советник за образование. Тој рече дека Одлуката се однесува за доделување парична награда на ученичките Вања Ѓеоргиевска и Искра Георгиевска за постигнат особено висок успех во учењето. Паричната награда изнесува 18.000 денари за секој ученик. Се работи за ученички кои имаат особено високи успеси и заслужуваат определена поддршка од Општината.

По образложението, претседателот отвори расправа. Откако никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Точката -**Предлог-одлука за доделување еднократна парична награда на талентирани ученици од СОУ „М.М.Брицо“, беше усвоена со 14 гласа ЗА, а 1(еден) советник се изземе од гласањето.**

14. Точка број четиринаесет- **Предлог-програма за поставување урбана опрема на територијата на град Делчево**

Образлагач по точката беше Горан Петровски, сооветник за урбанизам и енергетска ефикасност. Тој истакна дека со оваа Програма се утврдува потребата и се уредуваат стандарди за поставување урбана опрема на подрачјето на градот Делчево и постапката за давање согласност за поставување на урбаната опрема. Одредбите на оваа Програма не се однесуваат на предвидените градежни парцели согласно со Детален урбанистички план (ДУП) каде организација и користење на просторот се врши согласно со планската и проектната документација (пазар, училишта, автобуска станица, трговски центри, индустриски објекти, станбени и други јавни објекти). Претходната Програма беше донесена во 2022 г., а со оваа

Програма имаме скратување на рокот на траење на важноста на поставување урбана опрема. Под урбана опрема, во смисла на Законот за градење, се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско – конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, опрема за спортско рекреативни активности, јавни санитарни јазли, паркинзи во функција наобјекти на органите на државната управа и објектите на општината, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

По образложението, претседателот отвори расправа.

За збор се јави советникот Иван Гоцевски, кој постави две прашања до образлагачот. Првото е праша дали со оваа Програма, Општината сака да се заштити од немилите настани во Кочани, а второто прашање се однесуваше на поставувањето елементи се води како урбана опрема, сакам да имаме јасен став, да ја информираме и јавноста.

Горан Петровски одговори дека секоја Програма е со важност додека не се донесе нова. Општината не е оставена да нема програма. Во овој период се издадени решенија за поставување рекламни паноа по бандерите, за други делови немаме, но главната цел и по консултации со другите општини е дека и по година дена не може да ги отстранат поставените објекти и затоа е препораката да се скрати до максимум рокот.

По завршување на расправата, точката беше ставена на гласање.

Точката- **Предлог-програма за поставување урбана опрема на територијата на град Делчево, беше усвоена со 15 гласа ЗА.**

**15.** Точка број петнаесет- **Предлог-програма за ревитализација по елиминирањето на кризата за Општина Делчево**

Образлагач по точката беше Кире Цоневски, соработник за превенција, справување со кризна состојба, заштита и спасување. Тој истакна дека во минатото, Општина Делчево ја имаат зафатено повеќе елементарни непогоди и кризни состојби од кои најчести биле поплавите, град со силен ветар, ниски температури, бројни шумски пожари и пожари на отворено и епидемии. Сите овие појави во даден временски период значително влијаееле и влијаат на севкупниот живот и здравје, како на населението, така и на останатиот животински и растителен свет. Од тие причини, а согласно со законската регулатива на национално ниво, се јави потребата од донесување на Програмата со која ќе се регулираат и прецизираат мерките и активностите кои ќе ги превземе Општина Делчево за ревитализирање на состојбата по елиминирање на евентуалната кризна состојба на подрачјето. Во Програмата се дефинирани мерките и активностите и предвидените финансиски средства.

По образложението, претседателот отвори расправа.

За збор се јави советникот Тони Стаменковски кој праша за функционирањето на Локалниот совет за превенција, колку седници се одржани во последните две години?

Иван Гоцевски праша колку често заседава Локалниот совет за превенција. Во овој мандат имаше големи непогоди.

Кире Цоневски одговори дека Локалниот совет за превенција дејствува превентивно, по несреќа дејствува Кризен штаб. На пр. во врска со голомразица се прогласува природна

непогода на Седница на Советот. Се формира комисија во зависност од непогодата, но се ангажира и овластен проценител кој го плаќа општината.

По расправата, точката беше ставена на гласање. Точката, **Предлог-програма за ревитализација по елиминирањето на кризата за Општина Делчево, беше усвоена со 15 гласа ЗА.**

По усвојувањето на точката, претседателот Попов даде 15-минутна пауза.

---

16. Точка број шеснаесет- **Предлог-решение за именување претставник на Локалната самоуправа Делчево во Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево**;

Образложение по точката даде претседателот на Советот Гоце Попов. Тој предложи за претставник на основачот во Училиштниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“- Делчево, се именува Благица Петровска, вработена во Општина Делчево. Мандатот на членовите на Училиштниот одбор на на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево трае 3 години. По образложението отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Точката -**Предлог-решение за именување претставник на Локалната самоуправа Делчево во Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево беше усвоена ЕДНОГЛАСНО**;

**17.** Точка број седумнаесет- **Предлог-решение за именување претставник на Локалната самоуправа Делчево во Училишниот одбор на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево**

Образлагач по точката беше Гоце Попов. Тој предложи за претставник на основачот во Училиштниот одбор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево, се именува Андријана Соколовска вработена во Општина Делчево. Мандатот на членовите на Училиштниот одбор на на ООУ „Ванчо Прке“- Делчево трае 3 години. По образложението отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Точката -**Предлог-решение за именување претставник на Локалната самоуправа Делчево во Училишниот одбор на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево бепе усвоена ЕДНОГЛАСНО.**

**18.** Точка број осумнаесет- **Предлог-решение за разрешување и именување член на УО на ЈУДГ„Весели цветови“ Делчево по предлог на Министерството за социјална политика, демографија и млади.**

Образложение по точката даде претседателот Попов. Тој рече дека согласно со предлогот на Министерството за социјална политика, демографија и млади, во членот 1 од Предлог-решението, **Катица Трајкова- Тасева** се разрешува од функцијата член на Управниот одбор во Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево, предложен од Министерство за социјална политика, демографија и млади. За член-претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади на Управниот одбор во Општинска јавна установа за деца Детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево, се именува: **Николчо Стојменовски**.

По образложението, претседателот отвори расправа.

За збор се јави Кире Тренчевски. Тој рече дека на Катица Трајкова-Тасева, се уште ѝ трае мандатот.

Попов објасни дека мандатот на Трајкова-Тасева е до 28.12.2025 г.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

**Предлог-решението за разрешување и именување член на УО на ЈУДГ„Весели цветови“ Делчево по предлог на Министерството за социјална политика, демографија и млади не беше усвоен. За точката гласаа: 6 гласа ЗА, а 9 „ВОЗДРЖАНИ.**

19. **Точка број деветнаесет- Предлог-одлука за финансиска поддршка бр 21-772/1 од 25.03.2025.**

Образложение по точката даде претседателот Попов. Тој истакна дека до Советот е поднесено Барање за финансиска поддршка за екскурзија на Јована Ѓеоргиева, дете без родителска грижа и по потекло од Стар Истевник од Делчево, а е под надлежност на Центарот за социјални работи во Делчево, сместена е во Малиот групен дом во Берово, и е редовна ученичка во 3 година во гимназијата „Ацо Русковски“ во Берово. Средствата ѝ се потребни за научно-рекреативна екскурзија во Италија на која ќе патува заедно со нејзините соочуеници. Претседателот предложи да се додели парична помош во износ од 20.000 денари.
По образложението, претседателот отвори расправа. За збор се јави советникот Тони Стаменковски –кој го замоли градоначалникот овие средства да бидат исплатени веднаш по гласањето оти е познато дека сѐ што изгласа Советот, градоначалникот дел исплаќа, а дел не исплаќа по одлуките донесени на Советот за финансиска поддршка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и Одлуката беше ставена на гласање.

Точката- **Предлог-одлука за финансиска поддршка бр 21-772/1 од 25.03.2025 беше ЕДНОГЛАСНО усвоена.**

20. **Точка број дваесет- Предлог-одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“ Делчево за 2025 г.**

Образлагач по точката беше Стојче Стојковски, директор на ЈКП „Брегалница“. Тој ја претстави Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“ за 2025 година задржувајќи се на приоритетите по сите сектори во ЈКП. Секторот за општи и правни работи, освен работите поврзани со работните односи и заштита на правата на работниците и во 2025 година еден од приоритетите е преземање на сите законски мерки за наплата на застарените долгови, изготвување интерни акти на ЈКП поврзани со работата, нов правилник за плати и сл.. Секторот за финансии и наплата и во 2025 година продолжува со внесување на состојбата на водомерите по електронски пат и наплата преку веб-страницата. Се продолжува со мобилно вчитување и ажурирање на базата на корисници и целосно завршување на ажурирањето на базата на корисници што е еден од условите на проектот за „Водоснабдување на Делчево“, активност од која остануваат околу 8-10 % од корисниците кои не се ажурирани во базата на податоци. Во Секторот водовод и канализација, активностите и во 2025 година ќе бидат насочени кон редовно одржување на постоечката водоводна и канализациска мрежа и реконструкција на преостанатите водоводни линии кои се со стара инсталација, а ќе бидат извршено со учество на ЈКП, средства од 1, 4 мил денари. Покрај овие активности, главен приоритет кој зависи, пред сѐ, од активностите кои ги прзема Министерството за животна средина, а се однесуваат на започнувањата на реконструкцијата, односно поставувањето нова

водоводна линија во с. Ѕвегор и треба да извршат предвање на линиите на новит систем на О. Делчево, а потоа Советот да ги предаде на управување и користење на ЈКП, активностите се во фаза на приклучување на корисниците на новата линија кои сè уште не се поврзани и приклучување на мал дел од корисниците на новите линии кои беа изградени во Ново Делчево, 3 Реон и Милково Брдо. Сектор -Комунална хигиена ќе продолжи по планот за работи и оваа година ќе го депонира комуналниот отпад на депонијата Острец. Ќе биде поднесено барање за наплата на услугата за собирање на комуналниот отпад, да се наплаќа по единствена цена за сите корисници, а сега имаме со Одлука на Советот за различни населени места и различни надоместоци. Препорачливо е да се има една цена која ќе биде утврдена согласно со Методологијата донесена од Министерството за животна средина. Во Секторот паркови и зеленило –се грижи за одржување на јавната чистота и зелените површини, гробишта и капела обемот на работа е планиран согласно со минатогодишните количини и доколку во текот на годината се јави потреба од дополнителни количини или простори и тие ќе влезат во Програмата за работа за 2025 г. За извршување на сите активности во овој Сектор, се набавени машини за косење, и др. потребни материјали за непречено одвивање на работата.
По образложениeто, претседателот отвори расправа по точката.
За збор се јави Оливера Ташевска. Таа праша за одржување на јавната чистота во с. Разловци дали во текот на месецот мај во пресрет на празникот Разловечко востание, дали се врши чистење и одржување на централниот дел од селото?
Директорот Стојковски одговори дека сигурно ќе се спроведе активноста.
Оливера праша и за реконструкција на водоводот во селото Разловци, бидејќи има често прекин на водоснабдување и побара брза реакција од ЈКП за да не дојде повторно до прекин на водоснабдувањето
Директорот Стојковски одговори дека во с. Разловци планираната активност не се однесува на реконструкција на водоводот, тука минатата година имаше проблем со пумпите во бунарското подрачје. Тие пумпи се заменети со нови, а проблем се јавува во текот на летниот период кога се намалува издажноста на каптажите и затоа имаше рестрикција на одредени делови до селото. Таму се размиуслува за изградба и зафаќање вода од други каптажи, па ќе видиме како ќе се одвива.
За збор се јави советникот Иван Гоцевски кој рече дека има две прашања. Првото се однесува на Програмата за работа каде стои изградба на водовод во с. Вирче, истото стоеше и во 2024 и во 2023 г. Па, да прашам до каде е интензитетот на градежни активности на водоводт во с. Вирче?
Стојковски одговори дека финансирањето на изградбата на водводот во с. Вирче е дел од дополнително обезбедените средства од Проектот за Подобрување на водоснабдувањето на Делчево, а средствата се од Министерството за животна средина, а потоа Министерството е надлежно за распишување тендер и за избор на изведувач на работите и интензитетот на градежните работи зависи од Министерството како инвеститор на овој дел.
Иван Гоцевски постави и второ прашање кое се однесува за финансиските планови и согласно со расходите по сектори планирани за 2025 во секторот градско зеленило, планирате да потрошите 7 мил. ден, во Секторот комунална хигиена се планирани 11,7 мил денари, во Секторот водовод и канализација се планирани 22,63 мил ден и во секторите за општи и правни и финансии се планирани 13, 3 мил денари, или вкупно 56,958 мил ден. Но, ако се погледне табелата за наплатеност за период од 01.01.2024 до 31. 12. кај физичките лица имате наплатено 31,98 мил денари, кај правните лица имате потрошено 6,814 мил ден и имате наплатено за услуги кај градскиот пазр 1.77 мил или вкупно 39 мил денари за 11 месеци, некаде по 3 мил. денари месечно, значи сте наплатиле само 42 мил денари. Како, според тоа што планирате да го потрошите и тоа што реално го обезбедувате, на ЈКП му фалат околу 15 мил ден? Прашањето е како планирате и со која алтака да ги надокнадите овие средства?

Директорот Стојковски одговори дека не знае како е дојдено до оваа пресметка, но ќе се види од Завршната сметка дека приходната и расходната страна се разликуваат околу 2 до 3 мил ден.
Иван повторно се јави за збор и рече дека тоа се податоци од Програмата. Имате фактурирано малку под 50 мил ден. Вие и ако имате 100% наплата ќе имате кусок средства за да успеете да ја релизирате Програмата.
Стојковски одговори дека во Програмата не е опфатен целиот период, последниот месец за наплата не е внесен во процентит на наплата. На крајот на годината, кога се земе процентот на наплатата се движи околу 94-97%.
За збор се јави Марио Скакарски кој рече дека остануваат уште цели 2 месеци за наплата и тие бројки ќе бидат поголеми.
Кире Тренчевски, рече-истото прашање што го постави Иван, сакал и тој да го постави, а е во врска со изградбата на водоводот во с. Вирче. Не слушнавме дали тој е задоволен од одговорот. Јас, лично сум задоволен од одговорот и значи дека од страна на ЈКП е завршена работата, сега работата треба да се тера во Министерството за животна средина. Изградбата на водоводот во с. Вирче зависи од Минситерството за животна средина.
Тони Стаменковски- рече дека ревизијата што беше направена во ЈКП по барање на Левица- ревизијата најде сериозни забелешки. Имено, значително отстапување од количините на неприходована вода во однос на произведена. Односно, 53,55 % од вкупната вредност количина на вода во системите изразена во метри кубни е нефактурирана, што има ефект за помалку остварени приходи, помалку пресметан ДДВ и сл. Во Програмата е наведено деко во 2025 г. се планира да се дистрибуира до корисиниците 555 илјади м3 вода. Овие податоци не се точни ова се паушални податоци. Како вие, овие 53,55% вода ќе ги надоместите со оваа Програма?

Стојче Стојковски одговори дека количината на неприходована вода се очекува да се намали наредниот период со активностите што ги спроведуваме, како што се: ажурирање на базата на податоци, со мобилно вчитување, со реконструкција на новите водоводни линии, со намалена потрошувачка на водата за пиење за наводнување, туку да се користат алтернативни извори, сметаме дека ќе се намали процентот на неприходована вода, како што се во сите јавни комунални претпријатија. А за приходите во 2025 г. очекуваме и да го преземеме на стопанисување и водоводот во с. Ѕвегор од каде ќе имаме дополнителни приходи.

За збор се јави Иван Гоцевски кој ја пренесе констатацијата на советничката група на ВМРО ДПМНЕ и Коалиција, а во однос на Програмата за работа на ЈКП за 2025 г. Иако се продолжи вака да се работи, лошо му се пишува на ЈКП и на О. Делчево и на граѓаните. Како што стои во Програмата за работа, согласно со член 15 од Статутот на Претпријатието, на предлог на директорот се донесува Програма за работа на Претпријатието. Јавно е познато дека директорот не исполнил ништо, туку спортивно и комплетно ги демотивирате вработените, опремата е тотално уништена, имаме одземени возила кои стојат во дворот на ОВР Делчево. Зголемени се трошоците, напротив не се намалени, режиските трошоци итн. И во текот на 2025 г ЈКП Делчево ќе посебно внимание ќе посвети на неколку активности. Ќе ги издвојам првите четири: дистрибуција на чиста вода за пиење, пред неколку дена граѓаните реагираа за заматена вода, собирање и депонирање отпад на депонијата која никако да се изгаси, многу диви депонии кои, за жал, никнуваат како печурки по дожд, да не зборување за чистењето и метењето на улиците. Да бидам искрен, ми беше срам од неизметените улици впо граsдкото подрачје за време на велигденските празници.

Стојче Стојковски одговори дека тоа се паушални изјави за собирање политички поени на Совет, зборувате за ЈКП во услови кога се реализира проект со донација од 9 милиони швјацарски франци и кога водата во Делчево е една од најдобрите по квалитет во Македонија со издашност од 120 литри во секунда, а потрошувачката во Делчево е 60 л, за заматеност на

вода да зборувате без релевантни докази од Центарот за јавно здравје или друга лаболаторија, најмалку е навреда за сите вработени во ЈКП. Што се однесува за намалување на трошоците, кажав досега 100 пати. Бројот на вработени е намален од 94 пред 10 години, на 76 вработени. За возниот парк вие да зборувате, ние ги набавивме сите нови возила и ровокопачи и машини за метење на улиците, возила за собирање комунален отпад, во најмала рака, не е во ред и не е коректно. Делчево никогаш не било почисто од сега.

За збор се јави повторно Иван Гоцевски кој рече дека дали Делчево пие најчиста вода за пиење, за жал, сè уште нема дадено извештај за тоа каква вода пие Делчево. Имаше реакции во јавноста во однос на квалитетот, а немаше реакција од ЈКП. Не знам дали пиеме најчиста вода за пиење, но пиеме најскапа вода и сме втори во државата по цената на водата. Ќе ви поставам прашање и ќе побарам писмено да ми одговорите: -Дали претходната недела имало проблеми со функционирање на системот и дали се вршени контроли во делчевскиот водовод и, доколку се вршени контроли, зошто не се објавуваат извештаите?

За збор се јави Сунчица Ѓеоргиевска, која испрати сугестија до директорот потенцирајќи дека во глобала, градот е чист и со оглед дека се реконструираат улиците, таа се надева дека со Програмата за работа малку поголемо внимание ќе се обрне на метењето на улиците и урасната трева на излезите од Делчево покрај тротоарите. Околу селекцијата на пет-амбалажите е добро да се спроведе. Спроведувањето на овој дел од Програмата зависи и од вас, но и од нас граѓаните.

Бидејќи никој друг не побара збор, расправата беше завршена и точката беше ставена на гласање.

**Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“ за 2025 беше усвоена со 8 гласа ЗА и 7 ВОЗДЖАНИ**

21. Точка број дваесет и еден- **Предлог-заклучок за усвојување на Деветмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“ за периодот од 01.01.2024 до 30.09.2024 г.**

Образлагач по точките беше Марија Сумрачка-одговорна за сметководство и финансов книговодител. Таа истакна дека за третиот квартал од 2024 година, споредбената анализа на приходната и расходната страна на ЈКП покажува дека ЈКП „Брегалница“ остварило негативен финансиски резултат од – 87.388 денари. Односно, вкупните расходи се во износ од 43.301.600 ден, а вкупно остварени приходи 43.214.600 ден. Таа детално ги образложи приходите од третиот квартал,расходите за истиот период, направи анализа на процентот за наплата за извештајниот период.
По образложението, претседателот отвори расправа по точката.
За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека ЈКП по раководство на директорот Стојче Стојковски бележи загуба. Мене најмногу ме загрижува тоа што УО на претпријатието по кој знае кој пат ги усвојува извештаите за финансиското работење на претпријатието кое бележи загуба. Кога би бил член на овој УО, би ми било срам да излезам меѓу вработените на ЈКП и меѓу граѓаните и затоа барам копија од Записникот на одржаниот Состанок на УО на ден 03.03.2025 г.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.
Точката- **Предлог-заклучок за усвојување на Деветмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“ за периодот од 01.01.2024 до 30.09.2024 г. Беше усвоен со 8 гласа ЗА, и 7 ПРОТИВ**

1. Точка број дваесет и два- **Предлог-заклучок за усвојување на Годишната сметка на ЈКП „Брегалница“ Делчево за 2024 г.**

Образлагач по точките беше Марија Сумрачка-одговорна за сметководство и финансов книговодител рече дека ќе се задржи на побитните ставки од Завршната сметка која е подготвена согласно со меѓународни стандарди за финансиско известување. Меѓу другото, таа истакна дека вкупните приходи на претпријатието за 2024 г. изнесуваат 58.274.780 ден. додека вкупно остварените расходи се 63.115.071 ден. Кога би го анализирани билансот на успех кај приходната страна има зголемување на приходите во износ од над 5 мил денари, но споредбената анализа, паралелно на тоа, има зголемување на расходите во износ од над 7 мил денари.

По образложението, претседателот Попов отвори расправа.

За збор се јави Кире Тренчевски споредбенети расходи во тековната година во споредба со претходната година колку изнесуваат? Мислам дека се 6. 891.516 ден и сметам дека е грешка?

Марија одговори дека изнесуваат 7. 059.190 ден, но ќе се провери.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Точката- **Предлог-заклучок за усвојување на Годишната сметка на ЈКП „Брегалница" Делчево за 2024 г. Беше усвоена со 7 гласа ЗА и 7 ПРОТИВ.**

23. **Точка број дваесет и три- Предлог-одлука за констатирање природна непогода-голомразица на територијата на Општина Делчево**

Образлагач е Иван Гоцевски, координатор на советничка група на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата за обнова на Македонија кој истакна дека поради ниските температури настанати се сериозни оштетувања на земјоделските стопанства на териотиријата на општината. Согласно со Законот за заштита и спасување, обештетувањето на настанатите штети од сите природни непогоди се регулира со повеќе активности. Општините се носители на активностите кои најнапред треба да донесат одлука на Совет, да прогласат природна непогода за регионот погоден од природната непогода и да формираат комисии кои ќе вршат увид и евиденција на настанатата штета на сите граѓани кои ќе пријават штета по претходно објавен повик од страна на општината. Општинските комисии по увидот на теренот изготвуваат извештај со висина на вкупната настаната штета и во рок од 360 дена, извештајот треба да се достави до владината Комисија за проценка на штети од природни непогоди која во рок од 120 дена ги проверува документите и доколку е сè во ред се предлага на Владата да донесе одлука за обезбедување парични средства од Буџетот на државата или, пак, определува друг вид материјална помош за обештетување на земјоделците согласно со Законот. Доколку се определи парична помош висината на износите е најмалку 5%, а најмалку 25% од вкупната проценета штета. Поради овие причини и поради евидентната настаната штета на посевите нма земјоделците, советничката група на ВМРО ДПМНЕ ја покрена иницијативата за формирање општинска комисија од едноставна причина што проблемите на нашите сограѓани се и наши проблеми.

Затоа, на Советот ја доставуваме Предлог-одлуката за констатирање природна непогода-голомразица на територијата на Општина Делчево што ја зафати Општината во месецот април оваа година.

За збор се јави Кире Тренчевски кој рече дека оваа иницијатива е во име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ, но во текот на образложението, тој не спомена дека е дадено и позитивно мислење од страна на Општина Делчево, односно од градоначалникот.

Претседателот Гоце Попов објасни дека согласно со Деловникот, Иницијативата беше доставена и до градоначалникот од кој се побара Мислење во врска со поднесената Иницијатива од каде се доби позитивен одговор. Тој укажа на вториот дел од Мислењето испратено од градоначалникот, каде стои дека ќе биде објавен јавен повик, но Советот треба да го предложи составот на комисијата за проценка на штетите на земјоделските површини, бидејќи во Општината нема вработено стручни лица со соодветно образование кои би можеле

да извршат проценка на штетите и да изготват елаборат за проценка на штети. Не е проблем ние на овој Совет да констатираме природна непогода-голомразица, но формирањето на комисиите за мене ќе биде проблематично. Ќе треба наредниот период да се најдат лица кои ќе бидат предложени од наша страна и избрани.

За збор се јави советникот Илче Каранфиловски и посочи дека ја оправдува Иницијативата од Иван Гоцевски. Треба да се прогласи природна непогода, но потенцирам дека, историски гледано, последните години имаме многу лошо искуство. Во 2016 г. исто беше прогласена природна непогода, а централната власт беше исто на ВМРО ДПМНЕ, а 2017 година беше на СДСМ. Не правиме партиски раздори или слично, обештетувањата беа срамни за земјоделците. Суми од 150 денари до 400 ден. Имаше земјоделски стопанства со повеќе средства дадено за прибирање документација, затоа што еден имотен лист е 300 денари. Повеќе беа во трошок од придобивките од обештетувањето. Друго, како информација, тие средства беа исплатени по неколку години. Кое е тоа обештетување. Јас ја оправдувам Иницијативата. Како информација во ПЕ на МЗШВ во Делчево и во Агенцијата за поттикнување на земјоделието, стручни лица-овоштари немаме. Мој предлог е да се формираат групи од страна на Општина Делчево, да има лица членови во тие комисии од МЗШВ и АПЗП, бидејќи станува збор за голема површина. Располагаме со 553 хектари со насади од сливи, опфатени се околу 600 земјоделски стопанства, за да се направат проценките треба време и ресурси, за да ги посетиш тие земјоделски стопанства треба и возила. Има 235 хектари под вишна, бидејќи и вишната има штети, со ореви 85 хектари, јаболката не се на удар. Значи, вкупно имаме околу 900 хектари површини. Апелирам дека не е само да се направт проценки и да се констатираат штети, туку постапката да продолжи, бидејќи имавме искуство самите членови во комисијата беа приморани да ги прават пресметките по некоја методологија. Знаеме дека има овластени проценители.

Иван Гоцевски повторно се јави за збор и истакна дека сигурен сум дека има поддршка за оваа Иницијатива и од советниците, со што по кој знае кој пат се докажува конструктивноста на Советот и од градоначалникот има позитивно мислење, но, во врска со тоа што нема определени лица во О. Делчево. Сметам дека треба да биде вклучено лице правник од Општината, од Сектор за финансии од Општината и лица вработени во МЗШВ. Мило ми е што колегата советник ги има податоците и мислам дека градоначалникот знае дека советникот и заменик-градоначалникот е компетентно лице и треба да биде вклучен во тие комисии. Општинската администрација и градоначалникот треба да го повикаат министерот за земјоделие и заеднички да отпочнат постапка во која ќе се вклучат повеќе луѓе компетентни со цел земјдоелците да си ги добијат обештетувањата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот ја затвори расправата по оваа точка и точката ја стави на гласање.

Точката - **Предлог-одлука за констатирање природна непогода-голомразица на територијата на Општина Делчево беше усвоена со 14 гласа ЗА.**

24. **Точка број дваесет и четири- Разгледување Физибилити студијата за оправданост од воспоставување Договор за ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Делчево изработена од Здружението за одржлив развој АНДРА-Грин, с. Видовиште, Општина Зрновци.**

Образлагач Кирил Димитров, претставник од Здружението за одржлив развој АНДРА-Грин, с. Видовиште, Општина Зрновци.

Претседателот Попов истакна дека оваа точка е само да се разгледа Физибилити студијата и дека на оваа Седница нема да се носи одлука.

Образлагачот Димитров истакна дека е технички соработник во изработката на Физибилити студијата. Оваа Студија е доставена до сите советници и ако сте ја разгледале ќе видите дека главната цел на оваа студија е да се види анализата на повеќе параметри и се земани следните предуслови: тек на економски предуслови, правна и регулативна рамка за определување

законски основи за доделување договор за јавно рпиватно партнерство, ризици за јавно приватно партнерство, ризици поврзани со реализацијата на проектот и направена е анализа за тестирање на пазарот. Економските предуслови беа анализирани следните параметри: определување техничко-технолошки параметри преку оптимални потреби за осветлување и идентификација и класификација на трошоците за одржување, определување приходи, како приходна ставка се земени вкупните приходи на општината од комуналната такса-јавно осветлување на Општината. Студијата за исплатливост што е направена е за да се создадат некои технички-економски-финансиски можности за реализација на проектот за оправданост од воспоставување на договорот за ЈПП, за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во О. Делчево. При анализа на сите податоци во студијата се дојде до резултат дека со промената на постојаните аспекти со нови ќе се постигнат следните резултати: намалување на трошоците, што е една од главните цели на оваа студија на двете анализирани ставки- одржување и електрична енергија. Каде што за времетраење на договорт на ЈПП, трошоците ќе изнесуваат НУЛА денари за Општината, и таков договор за ЈПП, каде општината ќе има почетни трошоци НУЛА, а ќе има само бенефит за време на траењето на ЈПП. Додека по завршување на Договорот, трошоците ќе бидат намалени за општината од 50 до 60%. Одложувањето на промената на светилките, на пример, ќе се користат светилки кои ќе имаат многу долг век и гаранција со европски сертификати, сега се користат поевтини светилки. И се земени предвид поголеми заштеди за Општината во општинската каса, отколку сега што се плаќа. Еден од параметрите, искуство и од другите градови, е дека тука се наплаќа такса за јавно осввтелување. Ако граѓаните ја плаќаат таа такса, тогаш треба и да им се даде квалитетно јавно осветлување што ќе биде и инсталирано и одржувано од професионални екипи што ќе го дадат тоа на луѓето што го плаќаат и да го добијат. О. Делчево има неконвенционална техничка структура на осветлувањето. Има голем проблем и се виде дека мрежата е во некоја лоша состојба. За да се стави сето во систем, како што е по сите стандарди, треба поголема инветсиција. Има столбови на поголема оддалеченост, на поголема висина од тоа што е предвидено.
Нашиот предлог е студијата да ја разгледате како можност за да може да си направите свој терк на ЈПП. Исплатливоста на инвестицијата со менување, одржување, предлагаме- за да е исплатливо и за приватниот партнер и за општината- параметрите излегоа дека овој договор треба да биде со важност од 15 години. Ова е само препорака во студијата и за партнерот се проценети ризиците од пазарот, приватниот партнер треба да го преземе и трошокот за електрична енергија, одржувањето и имплементација на смарт- систем. На 15 години ќе се заштеди до 60% електрична енергија, само со промената на светилките, а со имплементација на смарт-системот може да се добијат и плус 15 % заштеда. Тоа е целта на оваа студија. Да се намалат трошоците и да се даде квалитетно осветлување. Првичната пресметка што е направена, инвестицијата би била до 1 милион евра, сè што треба да се инсталира од светилки, смарт- систем, хардвер, софтвер и целиот трошок го поднесува приватниот партнер. Општината би требало да добие минимални 10% од минамланата наплата на комуналната такса и препорачуваме да се стави такса од минимум 2% - Општината да се обврзува на годишно ниво да инвестира во нови линии во самиот систем. Секој којшто ќе биде заинтересиран за ЈПП, да си понуди на наддавањето чист процент- бенефит што ќе може општината да го користи што ќе бдиат инвестирани во јавното осветлување. Имаме искуство во неколку општини што се покажа, на пр. Кичево, имаше промена на светилки во стандарден систем, но не во смарт- систем и имаат проблем со електричната енергија. Денес се соочуваме со слободниот пазар на електрична енергија, на пример, кога се пали јавното осветлување попладне струјата на пазарот од 80-120 евра, се качува и на 700 евра. Тоа е сè ризик затоа и приватниот партнер треба да има свој бенефит и проценка на ризикот, но прва примарна цел е бенефитот на Општината.
По образложението, претседателот отвори расправа.

За збор се јави Сашко Ивановски кој постави повеќе прашања: која е целта на студијата во презентацијата не се кажа експлицитно целта на студијата; Со ЈПП, општината ќе добива 10% имајќи предвид дека годишно од наплата општината собира 14 мил ден. расходите се 6 мил ден, значи 8 мил денари останувaат чисти за општината што е солиден бенефит имајќи предвид дека пред неколку години се имплементираше проект за јавно осветлување и мислам дека Делчево е еден од најдобро осветлените градови во регионот. Дали има потреба од таква физибилити студија и сега, дел од тој приход ќе го дадеме на ЈПП. 10% од 14.мил се 1,4 мил годишно. За 15 години ќе се соберат некаде 17 мил ден. Интересот на ЈПП е јасен, но не е јасна загубата на општината со склучување на тоа ЈПП. Имаше едно такво кукавичко јајце подметнато во заминување на еден од претходните градоначалници со вакво ЈПП, па требаше 6-7 години да се раскине тој договор. Треба добро да се размисли, бидејќи да се склучи такво ЈПП на штета на општината, мислам дека ние сега даваме легитимитет на градоначалникот да се склучи тој договор, тој си заминува и ние како советници заминуваме, но ќе оставиме една голема обврска, еден голем трошок и сметам дека не е приоритет во постоечките услови да се зафати еден таков проект и ЈПП.
Кирил Димитров одговори дека целта на оваа студија е исплатливоста на општината. Граѓаните плаќаат за јавно осветлување и тие треба да добијат јавно осветлување. Општина Делчево од 1753 светилки има само над 700 лед-светилки. Голем дел од другите светилки не светат и нон стоп има поплаки. Плус светилките се само штедливи светилки. Но, моменталната ситуација и во другите општини е дека светат само 20% од светилките, а општината си ја собира комуналната такса за јавно осветлување. Целта на студијата е точно тоа: тоа што се плаќа треба и да го добие граѓанинот, тоа е заштита на граѓанинот. Општината пто го зема треба и да го дава. Другото за јавниот партнер е дека тука е пресметана инвестицијата. Ова е само сугестија не е обрзувачка. Општината треба да ги разгледа и за сето ова предвидено во студијата да се направи потребни се од 8 до 10 месеци и ова е една сугестија. Можеби имате и други потреби кои се поважни проекти, ова не е обврзувачки, ова е студија донирана од една наша невладина организација до Италија каде сум работел и каде е имплементиран овој систем и плус во Италија не се наплаќа јавното осветлување и мислам дека е најфер пред граѓаните вие како одговорни советници да настапите со нешто што граѓаните што го плаќаат и да им се даде.
Гоце Попов коментираше дека во случајот би било на штета на граѓанинот. Разликата финансиска на годишно ниво има бенефит од 8 мил, за 8 години -64 мил ќе ги инвестира. Ние не сакаме граѓаните 15 години да бидат заложници на некој лош договор што ќе го направи општината. Сега разговараме за идеја, нема да има никаква одлука, туку ние да се запознаеме.
Илче Каранфиловски рече нели треба и да се инвестира во таа инсталација.
Кирил одговори дека поставеноста на мрежата зависи и има типови на улици и какви светилки да се употребат за да се добие униформно осветлување. Структурата на Делчево е неконвенционална. Сета таа инвестиција останува уште 10 години во сопственост на Општината.
Сашко Ивановски истакна дека 15 години е многу долг период. Ако е тоа во ред да се направи на 2-3 години и да видиме како ќе функционира. 15 години да го заглавиме и јавниот партнер и општината, а поголеми се шансите да биде општината, не е коректно.
Кирил одговори дека во студијата согласно со сите податоци земени од општината, на јавниот приватен партнер му требаат 13 години за повраток на инвестицијата. Тоа е ризик на приватниот партнер. Затоа се бараат професионалци што го анализираат пазарот на струја. Ризикот е на приватниот партнер.
Гоце Попов се заблагдари за презентацијата и за физибилити студијата и рече дека ќе се размисли и во иднина, да може да се донесе одлука на Советот.

**25. Точка број дваесет и пет- Прашања и предлози од советниците**

- Иван Гоцевски, советнички прашања и предлози до **градоначалникот на Општина Делчево, Сектор за финансиски прашања во Општина Делчево и директорот на ЈКП „Брегалница“ Делчево**
    1. **До градоначалникот**: Дали, конечно,ќе се одважите и јавно ќе им се заблагодарите на премиерот Мицековски и Владата предводена од ВМРО ДПМНЕ и ресорните министерства за средствата кои ги доби Општина Делчево преку проектот 250 милиони евра за инфраструктурни проекти на општините, а со кои во Општина Делчево ќе се асфалтираат улиците во населба Милково Брдо: „Гоце Делчев“ и „Вељко Влаховиќ“; и реконструкција на улиците во населба Ново Делчево: „Лика Чопова“, „Ленинова“, „Трст“, „Загребачка“, „Охридска“, „Осоговска“, „Пијанечка“, „19 Октомври“ и „Пиринска“.
    2. **До Сектор за финансиски прашања во Општина Делчево**: кои од досега поднесените барања од страна на овој мандат на Советот на Општина Делчево за финансиска поддршка на граѓани и здруженија се исплатени, а кои не се? Ова се однесува на сите донесени и одобрени барања и одлуки на овој Совет на Општина Делчево од 2021 до денес.
    3. **До ЈКП „Брегалница“:** Дали ЈКП „Брегалница“ фактурира услуги без законски утврдени цени?
    4. **До ЈКП „Брегалница“:** како директорот го оценува последниот Ревизорски извештај?
    5. **До ЈКП „Брегалница“:** Дали е вистина дека ЈКП „Брегалница“ набавува резервни делови за трактор кој подолго време е запленет од полицијата во Делчево?
    6. **До ЈКП „Брегалница“:** Бидејќи нема никакво известување за извршена контрола за состојбата на водата за пиење во делчевскиот водовод, од името на овие загрижени граѓани кои сакаат да останат анонимни, ги прашуваме надлежните служби кои оперираат со новата т.н. фабрика за вода во с. Траб진otивиште и со целиот дистрибутивен систем на вода за пиење во Делчево, дали деновиве имало проблеми со функционирањето на системот и дали се вршени контроли на водата за пиење во делчевскиот водовод? Доколку се вршени контроли и во кои термини што покажуваат резултатите од овие контроли во однос на безбедноста и квалитетот на водата за пиење во домаќинствата на граѓаните на Делчево? Зошто не се објавени информации за јавноста за извршените контроли на квалитетот за водата за пиење во населените места во Делчево?
    7. **До ЈКП „Брегалница“:** До советничката група на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата да се достави копија од записниците од одржаниот последен Состанок на Управниот одбор на ЈКП.

- **Тони Стаменковски**, достави предлог до Општина Делчево: Да се интервенира кај кафе-бар „Валиум“ и Основниот суд во Делчево, каде има една искривена бандера која претставува опасност за сите и за пешаците и за возачите. Апелирам до надлежните што поскоро да се реагира.

По исцрпување на Дневниот ред, претседателот ја затвори Седницата.

Седницата заврши во 13.00 мин.

| | |
|---|---|
| **Записникот го водела** | **Совет на Општина Делчево** |
| **Даниела Такева** | **Претседател** |
| | **Гоце Попов** |